РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-350/1
22.10.2025 година
С К О П Ј Е

## ЗАПИСНИК

**од двесте триесет и деветта седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 16 септември 2025 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 16 септември 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте триесет и деветтата седница на Управниот одбор на Академијата на која со физичко присуство присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше дека Управниот одбор е присутен во полн состав и материјалите за седницата се доставени. Констатираше дека се исполнети услови за одржување на двесте триесет и деветтата седница на Управниот одбор, по што премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на Записник од 238-ма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Известување за реализирани обуки и ангажирани предавачи во првите шест месеци во 2025 година.
3. Исполнетост на чекорите од Реформската агенда 2024-2028 година.
4. Разно.

Бидејќи немаше пријавени за збор, вака предложениот дневен ред беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на записникот од 238-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори простор за дискусија по однос на оваа точка, но со оглед на тоа што немаше пријавени за збор, записникот од 238-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

**Втора точка** на дневен ред беше - Известување за реализирани обуки и ангажирани предавачи во првата половина на 2025 година. Претседателот на Управниот одбор и даде збор на директорката на Академијата да даде свое излагање по однос на оваа точка. Директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, истакна дека на минатата седница на Управниот одбор ги известила дека Програмскиот совет на Академијата, на седница одржана во месец јули, изврши евалуација на реализираните обуки, ангажираните предавачи и квалитетот на наставата на ангажираните предавачи за периодот јануари – јули 2025 година. Додаде дека записникот од таа седница на Програмскиот совет е усвоен на нивната наредна седница, одржана на 18.08.2025 година и од таа причина потребно е согласно нејзините обврски од член 18 од Статутот на Академијата, да го извести Управниот одбор за реализираните обуки, ангажираните предавачи и квалитетот на наставата на ангажираните предавачи за периодот јануари – јули 2025 година. Во таа насока, директорката на Академијата пред Управниот одбор ги презентираше следните информации:

**ОБУКИ**

Во период од јануари до јули 2025 година организирани се вкупно 94 обуки – советувања, тркалезни маси, работни состаноци, online обуки, обуки на обучувачи, конференции, работилници. Од нив 90 обуки се со физичко присуство, а 4 се online обуки.

Од вкупно 94 обуки, 51 се во самостојна организација на Академијата, а 43 се во соработка со домашни и странски институции, организации и проекти.

**ПРЕДАВАЧИ**

Во наведениот период и за реализација на обуките вкупно биле ангажирани 140 предавачи. Од нив 13 се странски предавачи, а 127 се домашни предавачи. Предавачите се одредуваат од листата на предавачи, водејќи сметка за застепеноста на предавачи од сите апелациони подрачја.

**КВАЛИТЕТ НА НАСТАВАТА**

Во однос на квалитетот на наставата, директорката на Академијата предложи податоците во врска со истото да бидат презентирани од вработената

Наташа Баштованска, која ја работи предметната работа. Директорката на Академијата во таа насока додаде дека инструментот кој Академијата го користи за мерење на квалитетот на наставата е прашалник, составен од 9 прашања – 5 од затворен тип, со давање оцена и 4 од отворен тип. Оцените кои може да ги дадат се од 1 до 6 (каде 1 е најслаба оцена а 6 е највисока).

Посочи дека прашањата од затворен тип се однесуваат на: едно прашање општо за обуката, 3 прашања за предавачите и едно прашање за успешноста на програмата, дека во посебни документи се сумираат прашалниците за судиите и обвинителите, за стручната служба и за судиите поротници. Следно, истакна дека обработените прашалници укажуваат на високо ниво на задоволство од обуките и тоа:

| **Целна група** | **Прашање 1** | **Прашање 2** | **Прашање 3** | **Прашање 4** | **Прашање 5** |
|---|---|---|---|---|---|
| Судии и ЈО | 5,81 | 5,83 | 5,84 | 5,86 | 5,86 |
| Стручна служба | 5,82 | 5,90 | 5,89 | 5,91 | 5,85 |
| Судии поротници | 5,91 | 5,94 | 5,93 | 5,94 | 5,87 |

Директорката на Академијата додаде дека со проектот EU for Rule of law се работи на изработка на нови прашалници по Киркпатрик моделот, ниво 1 и 2 - непосредно по обуките и по одреден период од обуките, со цел да се види импактот од обуките, бидејќи истото претставува добра практика во Европската мрежа на Академии.

Дополнително, директорката на Академијата истакна дека проектот EU for Rule of law ќе спроведе тренинг на предавачи за да може да применуваат нови наставни методи. Сето ова ќе биде во соработка со Програмскиот совет на АСЈО.

Следно, директорката на Академијата ја повика вработената Наташа Баштованска подетално да ги извести членовите на Управниот одбор во однос на начинот на оценување на предавачите и евалуацијата на посебните прашања од прашалниците. Вработената Наташа Баштовска најпрво на членовите на Управниот одбор им подели примероци од прашалник од помината обука во Академијата, со цел добивање претстава како изгледа прашалникот кој Академијата го дистрибуира до учесниците на сите обуки. Истакна дека би сакала пред почетокот на презентацијата да укаже дека самата е вработена во Академија за судии и јавни обвинители од самиот почеток, но дека за прв пат се случува да биде повикана да ја презентира оваа инфомација пред Управниот одбор и пред Програмскиот совет, иако како информација Академијата секогаш ја имала години наназад, никогаш не се случило овој податок да биде презентиран на овој начин.

Вработената Наташа Баштованска истакна дека Академијата врши евалуација на секој реализиран семинар, такашто се внесуваат оценките од секое прашање. Следно, појасни дека од секој семинар се добива средна оценка како е оценет семинарот и така за секој еден од 94-те семинари реализирани во периодот јануари-јуни 2025 година, Академијата има средна оценка. Следно, додаде дека средната оценка на првото прашање од прашалниците (дали обуката била корисна за Вас), од сите 94 семинари е 5,81 од максимална оцена 6, на второто прашање (дали била успешна организацијата и дали се задоволни од програмата), средната оценка е 5,83 итн. Укажа дека следните 3 прашања од прашалникот се однесуваат на предавачите, па така во однос на третото прашање (дали предавачот бил јасен и лесно разбирлив) постои средна оцена за секој еден предавач на секоја обука, од каде се вади и средна оцена за секој предавач за сите обуки на кои предавал. Освен за обуките наменети за судиите и јавните обвинители, вакви евалуации се прават и за обуките организирани за судските и јавнообвинителските службеници, како и за обуките за судиите поротници.

По презентацијата на вработената Наташа Баштованска, беше одржана кратка дискусија со заклучок дека резултатите од евалуациите покажуваат успешност во работата бидејќи од максималната оценка 6, резултатите од евалуациите се движат од оценка 5,81 до 5.94. Директорката на Академијата укажа дека Академијата постојано ги следи резултатите од евалуациите, особено на задоволството на учесниците од конкретен предавач, па така оние предавачи кои имаат добиено лоша оценка, во иднина нема да бидат повикани да предаваат. Додаде дека на обуките за стручните служби во судовите и јавните обвинителства, се случува некои предавачи да предаваат повеќе пати, но тоа е поради фактот што за дадени области нема пријавени поголем број на предавачи.

За збор се јави јавен обвинител Златко Биковски, кој постави прашање како се одлучува кој судија за која тема ќе биде ангажиран, на што директорката на Академијата одговори дека предавачите се ангажираат за оние теми за кои самите во пријавата за предавач се имаат изјаснето дека би сакале да бидат ангажирани како предавачи. Исто така обвинителот Биковски постави прашање, што во случај да за некоја тема нема пријавено предавач или е еден, а истиот не е во можност да предава на конкретен датум, по што директорката на Академијата одговори дека досега Академијата не се соочила со таква ситуација бидејќи има голем број на предавачи.

Директорката на Академијата додаде дека во периодот кој следи ќе се работи на новиот Каталог за обуки за следната година, во кој процес е вклучен и Програмскиот совет, со цел навремено доставување на истиот до судовите и обвинителствата, како би можеле судиите и јавните обвинители навремено да ги испланираат своите работни обврски и присуството на обуките за кои се заинтересирани за следната година. Директорката на Академијата посочи дека

најмалку предавачи има од Гостиварското апелационо подрачје, па од Штипското, поради што мора почесто да се користат предавачите од Скопското апелационо подрачје.

За збор се јави јавниот обвинител Златко Биковски, кој праша дали на обуките кои се организираат во соработка со странски партнери предаваат предавачи на Академијата или предавачи ангажирани од самите партнери, на што директорката на Академијата истакна дека на овие обуки најчесто предавачите – експерти се обезбедени од страна на странските соработници, а во ретки случаи, доколку истите побараат предлог предавачи од Академијата, странскиот партнер бира предавач од листата на предавачи на Академијата.

За збор се јави судија Али Алиу, кој постави прашање, дали Академијата има некоја обврска околу тоа колку пати треба да организира децентрализирани обуки, надвор од Скопје, во останатите апелациони подрачја, на што директорката на Академијата одговори дека таква обврска нема, но дека Академијата се труди истите да се случуваат, водејќи сметка да бидат застапени и граѓански и кривични обуки во секое апелационо подрачје. Судија Али Алиу истакна дека смета дека би било пожелно малку почесто да се одржуваат вакви децентрализирани обуки бидејќи на истите се среќаваат судии и јавни обвинители од даденото апелационо подрачје, на кои средби можат да разговараат за проблематики карактеристични за тоа апелационо подрачје. Претседателот на Управниот одбор укажа дека директорката на Академијата има доставено допис со сите судовите и обвинителствата кој се однесува на давање предлози, сугестии за идни обуки, па во таа насока и ваквиот предлог од судот на судија Али Алиу може да биде официјално доставен до Академијата.

За збор се јави вработената во Академијата Наташа Баштованска, која укажа дека би сакала да информира дека досега, во принцип бројот на потребни обуки во останатите апелациони подрачја се одредува според бројот на судии/јавни обвинители во тоа апелационо подрачје, земајќи го во предвид нивниот стаж и според тоа бројот на потребни часови обука за секој судија и јавен обвинител. Како се зголемува работниот стаж на судиите и јавните обвинители со годините, така се намалува бројот на потребни денови обука кои треба да биде исполнет. Паралелно со тоа се намалувани и тие децентрализирани обуки во останатите апелациони подрачја. Посочи дека сега, ситуацијата е малку променета, бидејќи последните две генерации судии и јавни обвинители од Академијата се во поголем број, па во таа насока и повеќе се распоредени по останатите апелациони подрачја, како резултатна што би се зголемиле и овие обуки надвор од апеланионо подрачје Скопје.

За збор се јави членот на Судскиот совет Антоанета Димовска, која истакна дека смета дека судиите и јавните обвинители треба да ги посетуваат обуките на

Академијата поради тоа што се засегнати од темата и имаат желба да се надградат себеси, а не исклучиво поради тоа што треба да исполнат одреден број на часови обука. Додаде дека самата треба да исполни два дена обука, но присуствува на обуките бидејќи е заинтересирана за темата на обуката.

Претседателот на Управниот одбор праша дали уште некој бара збор во врска со оваа точка, но бидејќи немаше пријавени за збор, претседателот на Управниот одбор констатираше дека оваа точка е исцрпена.

**Третата точка** на дневен ред беше - Исполнетост на чекорите од Реформската агенда 2024-2028 година. Претседателот на Управниот одбор истакна дека пред десетина дена, со директорката на Академијата имале средба со претставници на Европската Унија. Укажа дека целта на средбата била состојбата со деветтата генерација слушатели на почетна обука во Академијата, независно од тоа дали постапката по последниот оглас ќе продолжи или ќе биде објавен нов оглас, на претставниците од ЕУ им е важно да бидат сигурни дека во 2026 година ќе има нова генерација почетна обука во Академијата. Претседателот на Управниот одбор на Академијата, дополни дека, како заклучок од оваа средба, произлегла потребата да Управниот одбор ја задолжи Академијата, да се обрати до Министерството за финансии на РСМ, преку Судскиот буџетски совет, во врска со следното: да се побара информација дали во 2026 година ќе бидат обезбедени финансиски средства за 130 слушатели од деветтата генерација почетна обука, имајќи предвид дека за 2025 година Министерството за финансии извести дека не се обезбедени финансиски средства. Како втора информација која Академијата преку Судскиот буџетски совет треба да ја побара од Министерството за финансии е прашањето доколку не се обезбедни средства за 130 лица, дали воопшто ќе бидат обезбедени и доколку да, за колкав број слушатели би биле истите. Понатаму, претседателот на Управниот одбор даде збор на директорката на Академијата.

Директорката на Академијата истакна дека РСМ пред ЕУ има обврски за исполнување на Реформската агенда согласно извештајот кој е во материјалите за оваа седница, во врска со што во текот на утрешниот ден има online состанок со Европската Комисија. Посочи дека во рамки на 5.2.1 е наведен чекорот - Пристапот „редовна основа" кој не е исполнет. Директорката на Академијата укажа дека на средбата од страна на Европската Комисија и било укажано дека неисполнувањето на овој чекор може да доведе до финансиски импликации за исплата кон нашата држава согласно Анексот кон Одлуката за спроведување на Комисијата за одобрување на првото ослободување на средствата за Северна Македонија во рамки на инструментот за реформи и раст на Западан Балкан. Од овие причини е поставена оваа точка на дневен ред на оваа седница на Управниот одбор на Академијата. Директорката на Академијата истакна дека Европската комисија редовно јавно укажува какви се обврските кои треба да бидат исполнети кон точката 5.2.1 – подобрување на судскиот интегритет преку ревидирање на

процесите на регрутирање и селекција, назначување, оценување, унапредување, преместување и разрешување на судии и јавни обвинители. Директорката на Академијата истакна дека исто така сака да го запознае Управниот одбор на Академијата дека минатата недела била одржана конститутивна седница на Советот за следење на реформите во правосудството, на која една од темите била токму точка 5.2.1.

Членот на Судскиот совет на РСМ, Антоанета Димовска праша што се дискутирало околу таа точка, на што директорката на Академијата одговори дека било дискутирано дека мора да бидат исполнети чекорите од реформската агенда за да може да бидат ослободени предвидените финансиски средства за државата.

За збор се јави членот на УО, Радица Лазареска Геровска која праша дали во буџетот за 2026 година Академијата предвидела средства за оваа намена, на што директорката на Академијата одговори дека во буџетскиот циркулар за 2026 година, доставен до Судскиот буџетски совет на 04.08.2025 година, Академијата ја предвидела потреба од финансиски средства за 130 слушатели, но дали средствата ќе бидат дадени или не, не зависи од Академијата. Претседателот на Управниот одбор појасни дека сите единки корисници од судската власт доставуваат предлог буџетски барања за следната година до Судскиот буџетски совет, кој истите ги собира, сублимира и доставува до Министерството за финансии на РСМ.

Директорката дополнително укажа дека во однос на финансиските согласности, би сакала да додаде дека при подготвувањето на табелата која е доставена до ЕУ во текот на месец август, утврдено е дека постапката за 130 слушатели на 9-та генерација почетна обука е со следниот тек:

- Започната 2023 година, со претходна согласност од МФ од 11.01.2023 година;
- Финансиската согласност е обновена за 2024 година, со Известување од СБС од 29.12.2023 година (каде е содржана информација дека согласно член 20 став 10 од Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2024 година („Сл. Весник на РСМ" 283/2023 ) – започнатите постапки за пополнување на работните места кои не се завршени до 31.12.2023 година ќе се спроведат во 2024 година, согласно со даденото известување од МФ за обезбедени финансиски средства од 2023 година);
- Со измени на Законот за извршување на буџетот за 2024 година (тн. Ребаланс на буџетот), („Сл. Весник на РСМ" 69/2024), ставот 10 (кој се однесува и на финансиската согласност издадена за 130 слушатели во Академијата) е избришан;
- Во 2025 година, по доставено барање од Академијата, МФ, преку СБС, известува дека согласно член 51 од Законот за буџетите, во буџетот на

РСМ, не се обезбедени финансиски средства за вработување на 130 слушатели во Академијата.

Претседателот на Управниот одбор истакна дека навистина е потребно да Академијата се обрати до МФ, преку СБС, со барање составено од тоа дали се предвидуваат финансиски средства за 130 слушатели во девета генерација почетна обука, за 2026 година, и да се обрне внимание дека во секој случај сериозна е потребата да се предвидат средства за деветта генерација почетна обука во 2026 година. Претседателот на Управниот одбор ги праша присутните дали се согласни да ја задолжат директорката на Академијата да се обрати до МФ преку СБС во врска со претходно дискутираното.

За збор се јави членот на УО, Радица Лазаревска Геровска, која укажа дека веќе изминува грејс периодот од една година, кој е период на толеранција од страна на Европската Комисија заисполнување на предвидените активности, имајќи предвид дека рокот бил декември 2024 година, од каде произлегува дека во декември 2025 година, мора да има чиста ситуација по однос на ова прашање. Додаде дека е време сега да се реши ова прашање, веднаш по завршувањето на изборниот процес, бидејќи во овој период мора да се почека.

Членот на ССРСМ Антоанета Димовска го изнесе својот став дека смета дека барањето за финансиски средства не треба да гласи за 2026 година туку треба да биде за 2025/2026 година, по што беше одржана кратка дискусија, по која се заклучи дека за 2025 година веќе има известување дека не се обезбедени финансиски средства и во овој момент треба да се прати допис со барање за 2026 година.

Претседателот на Управниот одбор повторно укажа дека заклучоците од средбата со претставниците од Европската комисија се дека во 2026 година мора да има генерација во почетна обука. Оттука, претседателот на Управниот одбор праша дали сите членови на Управниот одбор се согласни да се задолжи директорката на Академијата да се обрати до МФ преку СБС со барање за обезбедени финансиски средства за деветта генерација во почетна обука за 2026 година, на што сите членови на Управниот одбор дадоа согласност. Беше констатирано дека дискусијата по однос на оваа точка е исцрпена.

**Четврта точка** на дневен ред беше точката разно. Под оваа точка директорката на Академијата укажа дека се доставени исплатните ливчиња за надоместокот на членовите на Управниот одбор за месеците јули и август 2025 година.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 239-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси